Врз основа на член 31 став 1 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ 29/05, 36/11, 104/15, 39/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 13 март 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на внесување и ширење и можноста од заразување од Коронавирус COVID-19**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа, заради спречување на внесување и ширење и можноста од заразување од Коронавирус COVID-19.

Мерките и активностите согласно утврдената кризна состојба ќе се преземаат на дел од територијата на Република Северна Македонија на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа кои се зафатени со кризната состојба и каде се манифестираат причините на став 1 од овој член.

**Член 2**

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука се активира Главниот штаб при Центарот за управување со кризи кој ќе биде во постојано заседавање.

Главниот штаб при Центарот за управување со кризи од 13 март 2020 година до 24 часот, да изготви акциски план за спречување на внесување и ширење и можноста од заразување од Коронавирус COVID-19 на дел од територијата на Република Северна Македонија на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа, како и целосен преглед за расположливи човечки и материјално – технички средства и ресурси.

**Член 3**

Органите на државната управа да преземат мерки и активности согласно прописите за управување со кризи.

**Член 4**

Постоењето на кризната состојба утврдена со оваа одлука ќе трае 30 дена од денот на нејзиното влегување во сила.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник во Република Северна Македонија“.

**Број 44-2240/1** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА**

**13 март 2020 година**
**С к о п ј е**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**

Подготвил: Маја Богоевска
Проверил: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Зоран Брњарчевски / Ирма Мандева
Контролирал: Дејан Јакимовски
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: д-р Драги Рашковски